**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**

# И З В А Д О К  О Д  К О Н К У Р С

**за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2019/2020 година**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**

**Скопје, 2019 година**

Во согласност со член 149 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82 од 08.05.2018), чл. 208, став 1, алинеја 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник, бр. 425 од 28.6.2019), Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-272/4, донесена на 236. седница одржана на 19 февруари 2019 година, и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи бр. 45-4839/1 од 4 јули 2019 г., (Сл. весник бр 139 од 9 јули 2019), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2019/2020 година

**I. Број на студенти**

На Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на втор циклус студии во учебната 2019/2020 година може да се запишат **следниов број студенти:**

| **СТУДИСКИ ПРОГРАМИ** | **број на студенти** | **траење во семестри** | **цена на студирање (во евра)** |
|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ** | | | |
| **Факултет за земјоделски науки и храна**<br>(Ул. „16-та Македонска бригада“ бр. 3) | **180** | **2/4** | **1500/2500** |
| **Растителна биотехнологија** | 32 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- поледелство* | | | |
| *- преработка на поледелски култури* | | | |
| *- градинарство и цвеќарство* | | | |
| *- овоштарство* | | | |
| *- лозарско производство* | | | |
| *- винарско производство* | | | |
| *- производство на алкохолни пијалоци* | | | |
| *- генетика и селекција на растенијата* | | | |
| *- хортикултура во заштитени простори* | | | |
| *- органско растително производство* | | | |
| **Анимална биотехнологија** | 30 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- генетика и селекција во анимално производство* | | | |
| *- исхрана на животни* | | | |
| *- менаџмент на здравје и благосостојба на животните* | | | |
| *- говедарство* | | | |
| *- овчарство* | | | |
| *- козарство* | | | |
| *- свињарство* | | | |
| *- живинарство* | | | |
| *- рибарство* | | | |
| *- пчеларство* | | | |
| **Преработка на земјоделски производи од анимално потекло** | 16 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- млеко и млечни производи* | | | |
| *- месо и производи од месо* | | | |
| *- нутриционизам* | | | |
| **Агроекономика и рурален развој** | 20 | 2/4 | 1500/2500 |
| **Менаџмент на природните ресурси и животната средина** | 24 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- педологија* | | | |
| *- екологија* | | | |
| *- извори на загадувањето во земјоделството* | | | |

| СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | број на студенти | траење во семестри | цена на студирање (во евра) |
|---|---|---|---|
| *- агрохемија* | | | |
| *- мелиорации и ерозија во земјоделството* | | | |
| *- наводнување* | | | |
| **Квалитет и безбедност на храна** | 32 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- микробиологија* | | | |
| *- квалитет и безбедност на храна* | | | |
| *- етноботаника* | | | |
| *- преработка на овошје и зеленчук* | | | |
| *- хемиски опасности во храна* | | | |
| *- контрола и безбедност на храна од анимално потекло* | | | |
| **Фитомедицина** | 16 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- ентомологија* | | 2 | |
| *- фитопатологија* | | 2 | |
| *- хербологија* | | 2 | |
| *- фитомедицина* | | 2/4 | |
| **Механизација** | 10 | 2/4 | 1500/2500 |
| *- механизација на растително производство* | | | |
| *- механизација на сточарско производство* | | | |

## II. Право на конкурирање

Право на конкурирање имаат кандидати што ги исполнуваат следниве општи услови:

- да завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии и кои исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниот факултет, односно научен институт.

## III. Документи за пријавување и запишување

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава**. Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавниот лист што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето се врши на соодветниот факултет односно научен институт.
Со пријавата кандидатите поднесуваат:

- Пријавен лист за запишување;
- Електронска пријава (од www.upisi.ukim.mk);
- Оригинален документ за завршен прв циклус студии (диплома или уверение);
- Куса биографија (CV);
- Потврда за активно познавање странски јазик;
- Препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
- Список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатите имаат);
- Документи за евентуални награди, признанија и други документи.

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

- Индекс и пријавни листови
- Две фотографии (3,5x4,5)

**IV. Рокови за пријавување и запишување**

| | **Прв рок** | **Втор рок*** |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 10 септември – 25 октомври 2019 | 08 јануари - 2 март 2020 |
| Запишување на кандидатите | 28-30 октомври 2019 | 3 до 5 март 2020 |

***Втор уписен рок ќе се спроведе на единиците, односно на студиските програми за кои не се пополнети конкурсните квоти и на кои постојат услови за отпочнување и изведување на наставата во летниот семестар.**

**По реализацијата на првиот уписен рок, за непополнетите места на единиците, односно студиските програми, Универзитетот, на својата интернет страница, ќе објави *број на слободни места за запишување во вториот уписен рок во учебната 2019/2020* година.**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- **Во вкупниот износ е вклучена и одбраната на магистерскиот труд.**
- **На кандидатите им е дадена можност на факултетите/институтите со поголем број студиски програми, освен за првиот избор на студиската програма за којашто конкурираат, да можат да изберат уште една или повеќе студиски програми, односно да се определат и за втора, трета итн. студиска програма, доколку не успеат да бидат на ранг-листата на примени кандидати на првоизбраната студиска програма.**
- **Детални информации за условите за запишување и студирање на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиите, заинтересираните кандидати може да ги добијат на соодветните факултети, односно научни институти - носители на студиските програми.**

***

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата:**

**www.fznh.ukim.edu.mk**

**http://www.ukim.edu.мк**